A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 01.03.2019

На 28.02.2019 околу 10.00 часот на пешачки премин од крстосницата на улиците „Благој Ѓорев“ и „Борис Трајковски“ во Велес патничко возило „Форд мондео“ со велешки регистарски ознаки, управувано од В.А.(76) од населба Отовица, Велес, удрило во пешакот Д.С.(44) од населба Превалец. Притоа, пешакот се здобил со повреди и бил пренесен во болницата во Велес. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 28.02.2019 во 21.30 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на место викано „Љубаш“ настанал пожар околу 20.00 часот при што била зафатена нискостеблеста шума во површина од околу пет

хектари. Од екипа на Територијална противпожарна единица Кавадарци пожарот бил локализиран.

На 28.02.2019 околу 21.40 часот во Полициската станица Тетово биле донесени албанските државјани Б.Ш.(20) и С. Ш.(24), кои поради илегален влез во нашата земја, претходно биле приведени во Полициската станица за граничен надзор Рогачево. Тие се предадени во Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија, по што биле депортирани во нивната матична земја.

Полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола на 28 февруари извршиле контрола за брзина, зимска опрема, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, сигурносен појас, светло и алкохол, при што биле контролирани 428 возачи и возила. При контролата, констатирано е дека 19 возачи управувале возило со поголема брзина од дозволената, еден возач управувал без возачка дозвола, а кај тројца возачи има утврдено присутво на алкохол. Нерегистрирано било едно едно возило, на мобилен телефон разговарале три возачи и двајца возачи не користеле сигурносен појас. Пет возачи се писмено опоменати, а на 42 возачи изготвени им се мандатни платни налози и ќе се соочат со соодветни глоби, а исто така, изготвени се и 17 прекршочни налози. Исто така, при контролата откриени се и други 27 различни прекршоци.

На 28.02.2019 околу 19 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека истиот ден околу 18 часот на локалниот пат село Делогожда-село Поум, на место викано „Кодра бум‟ У.В.(22), управувајќи патничко возило „Голф‟ со струшки регистарски ознаки, бил пресретнат од патничко возило „Голф‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Б.(46) од село Поум, во кое бил и неговиот син З.Б.(23). Според пријавеното, В.Б. и З.Б. излегле од возилото и со секири тргнале кон У.В. со кого од порано имале нерасчистени односи. У.В. испукал повеќе куршуми и ги погодил З.Б.и В.Б., по што заминал од местото и се пријавил во Полициската станица Струга. Од случајни минувачи повредените биле пренесени во Медицински центар Струга, каде кај З.Б. била констатирана смрт, додека В.Б. бил задржан на лекување. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот е дадено за обдукција. Се преземат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2019 околу 18.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на булевар „Партизански Одреди‟, во близина на Трговскиот центар „Лептокарија‟, имало пукање од лица кои биле со две возила. Веднаш се упатени полициски службеници и извршен е увид. Траги од крв не биле пронајдени, а нема ниту пријава за повредени лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на изминатиот ден (28.02.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно пет сообраќајни незгоди од кои една сообраќајна незгода со тешки телесни повреди, една со телесни повреди и три сообраќајни незгоди со материјална штета. Во сообраќајните

незгоди едно лице се здобило со тешки телесни повреди и едно лице се здобило со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 27 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 26 возачи од кои: тројца возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 18 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и пет возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и 16 возила бидејќи 11 биле нерегистрирани и пет возила биле технички неисправни. Санкционирани се тројца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, четворица поради неправилно престројување, еден возач поради неправилно престигнување, двајца поради недавање првенство на минување на возила во зона на крстосница, тројца возачи поради непоседување пропишана зимска опрема, 11 поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 14 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани е еден пешак поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 104 мандатни платни налози и 85 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 28.02.2019 околу 12.35 часот на улица „Алија Авдовиќ" во Скопје, патничко возило „Фолксваген туарег", управувано од С.Р.(31) од Скопје, удрило во две деца-пешаци на возраст од девет години. Децата биле пренесени во градската општа болница „Свети Наум Охридски", каде кај едното биле констатирани тешки телесни повреди, а кај другото телесни повреди. Извршен бил увид на местото и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 28.02.2019 во 11:30 часот на регионален пат 1102 во Гевгелија полициски службеници од Полициска станица Гевгелија запреле патничко возило „Мерцедес" со гевгелиски регистерски ознаки, сопственост на такси компанија, а управувано од П.Л.(46) од Богданци. При преглед на возилото биле пронајдени 20 кутии наполнети со тутун и 10 кеси наполнети со тутун, кои се предмет на кривично дело „недозволено тргување со меѓупроизводи, етил алкохол и тутунски добра, односно стоки" по член 60 од Закон за акцизи. Возачот бил лишен од слобода, а пронајдените предмети и возилото биле одземени. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.02.2019 во 15.30 часот во СВР Штип, 54-годишна жена од Штип пријавила дека била измамена од лице кое го запознала на социјалната мреж Фејсбук на крајот на октомври 2018. Лицето се претставило дека е од САД и дека е војник во Авганистан. Според пријавеното, во декември 2018 година и кажал дека, бидејќи бил повреден, од авганистанските власти му биле исплатени 850.000 долари, кои тој не можел да ги внесе во САД и дека парите ќе и ги испрати на неа, а таа требала само да ги подмири трошоците на агенцијата-Routenet Express за да можат парите да пристигнат во Македонија. Жената се согласила и во периодот од 26.12.2018 до 29.01.2019, во неколку наврати уплатила вкупно 7300 евра и 1590 долари на

агенцијата. Парите требало да пристигнат до 20.02.2019, но до денот на пријавувањето не ги добила, по што заклучила дека била измамена. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 28.02.2019 во 09.40 часот во СВР Струмица, Б.Д.(61) од село Баница пријавила кривични дела „измама" и „лажно претставување" против лицето К.Л.(31) од Скопје, а престојувал во Струмица. Според пријавеното, во 2015, К.Л. се претставил како адвокат и ја убедувал дека ќе и обезбеди документација и земјоделско земјиште, како и плацеви во непосредна близина на село Баница, општина Струмица. За таа намена, во повеќе наврати во 2015 и 2016, таа му исплатила надомест од 26.900 евра. После ова, до денот на пријавувањето, К.Л. не и обезбедил земјоделско земјиште,а од парите и вратил само 3000 евра. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2019 година во 15.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во село Волково, скопско, околу 11.45 часот непознат сторител запалил сува трева од нива која се простирала на површина од околу 3 декари. Огнот се проширил и зафатил ограда, надворешен тоалет и две магацински простории лоцирани во дворното место од куќата сопственост на А.М. (1969) од Скопје, како и парцела која била заградена со ограда. Пожарот бил локализиран од Бригадата за противпожарната заштита Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2019 во 14.20 часот во Полициската станица Кочани, од Јавната здравствена установа Кочани, било пријавено дека околу 12.50 часот, при работа во фирма во село Облешево, кочанско, со тешки телесни повреди се здобил Ј.З.Ч.(45) од Кина. По укажаната лекарска помош во Кочани, тој бил пренесен во Клиничката болница во Штип. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кочани и трудов инспектор.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и полициски стандарди при Министерството за внатреши работи поднесе кривична пријава против З.Д., командир на Полициската станица за граничен премин и граничен надзор „Белановце", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во текот на јануари и февруари 2018 пријавениот, спротивно на одредбите на упатството за начинот на евидентирање на реализирани часови на работа, издал и потпишал три наредби за работа подолга од полното работно време на 10 полициски службеници, за работни часови кои од страна на истите биле остварени во редовни работни смени, кои биле предвидени во месечните и дневните распореди за работа. Со ова пријавениот го оштетил Буџетот на МВР.

На 28.02.2019 во 23.30 часот во Полициската станица Гази Баба, од СОС Детско село пријавено е дека самоволно се оддалечила штитеничката М.С.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против В.Ф.(30) од Куманово поради постоење основи на

сомнение за сторено кривично дело „компјутерска измама". На 10.10.2018 година пријавениот, преку компјутер, извршил фалсификување на електронски потпис од Е. Х., управител на правно лице од Куманово, по што со истиот заверил основен проект за градба на објект.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)